„Кратово"
Бр. 02-1472/1
13.12. 2022 год.
Кратово

Врз основа на член 27 од Статутот на ЈПКДИ "Кратово" Кратово,Управниот одбор на јавното претпријатие на својата седница одржана на ден 13.12.2022 година ја донесе следната

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈПКДИ "КРАТОВО" КРАТОВО ЗА 2023 ГОДИНА

## 1.Вовед

Програмата за работа за 2023 година на ЈПКДИ "Кратово" Кратово поаѓа од целите и интересите утврдени на ниво на јавното претпријатието за постигнување на подобри резултати во работењето засновани на расположивите средства за работа и достигнатиот степен на развој.

Наша основна дејност е собирање на безопасен отпад. Останатите дејности како што се управувањето со градските гробишта, управувањето со градски зелен пазар, одржување на јавна чистота и одржување на уличното осветлување на територија на Општина Кратово се дел од работењето и вршењето на комуналната услуга на територија на Општина Кратово.

Преку оперативното планирање се утврдува кој, кога, како и со кои средства треба да ја оствари конкретната задача, што е многу значајно за организацијата и работењето на Претпријатието.

Основни појдовни елементи врз кои се заснова изготвувањето на Програмата се:

· дефинирање на планираниот физички обем на услугите;
· дефинирање на приходите од работењето;
· дефинирање на трошоците кои ќе се направат при работењето; · целосно искористување на постојните капацитети:
· зголемување на економичноста во работењето со намалување на трошоците по единица производ;
· подобрување на наплатата;
· дефинирање на обемот на инвестиционо одржување и вложување кое директно ќе допринесе за подобрување на услугите;

Со планирањето се поставуваат целите и задачите, се конкретизираат и предвидуваат средствата што Претпријатието треба да ги има на располагање и акциите што треба да се превземаат за остварување на поставените задачи.

Покрај ова, присутен е фактот дека во изминатата година дојде до промена на многу сегменти на економски и стопански план, што допринесе условите за работа во комуналните претпријатија многу да се усложнат.

Планирањето на работната рака се базира на извршувањето на предвидениот физички обем, подигањето на нивото на услугите и максимално користење на средствата за работа и работното време.

Проектираниот физички обем на управувањето и одржувањето на гробиштата и јавното зеленило, како и целокупната комунална хигиена и пазарите, како и вршењето на другите услуги во 2023 година, ќе биде извршено со расположивиот кадровски потенцијал, како и пополнување на испразнетите, по разни основи работни места.

Во зависност од временските услови за работа како и од карактерот и обемот на работата можни се ангажирања на работници од сезонски карактер кој број ќе зависи од потребите.

Во текот на 2023 година јавното претпријатие ќе ја води следната политика за квалитет:

· Заштита на животната средина и чист град се очекувањата на нашите корисници, кои се трудиме да ги исполниме.

· Слободен пристап до информациите, транспарентност во работата на претпријатието.

· Следење и подобрување на воспоставениот систем за квалитет на работењето, што обезбедува задоволување на оптималните потреби на корисниците.

· Обезбедувајќи добри услови за работа на вработените, ќе постигнеме повисок степен на квалитет на нашите услуги.

· Градиме партнерски односи со граѓаните и добавувачите преку меѓусебна доверба, јасна и отворена комуникација.

· При вршењето на дејноста посебно внимание посветуваме на заштитата на животната средина и зачувувањето на природните ресурси.

· Сите одлуки ги носиме врз база на факти со анализа на релевантни податоци, а со помош на расположливи методи.

· Со обука и мотивација на сите вработени, постигнуваме нивното знаење и искуство да придонесат за перманентно подобрување на процесите и резултатите од работата.

· Раководителите и сите вработени градат клима на меѓусебна соработка, доверба и припадност на претпријатието кое се заснова на грижа за интересите и потребите на секој работник, односно го поттикнува вклучувањето во креирење на работните процеси.

· Непрекинато подобрување постигнуваме со усклатување на работата на сите нивоа, бидејќи тоа е определеност на раководството и трајна задача на секој вработен.

Раководството се обврзува во рамките на своите задачи, посветено да работи на доследна примена и постојано подобрување на системот за управување со квалитет и да ги усклaдува со законските барања и светските норми за заштита на животната средина.

Врз основа Одлуката бр.07-1435/1 од 29.11 2011 година донесена од Советот на општина Кратово за Управување со Градските гробишта , одлуката на Советот на општина Кратово за отстапување на користење и управување на „Градски зелен пазар“ бр. 09-1412/1 од 10.11. 2017 година на Ј.П. „Кратово“ од Кратово, одлуката на Совет на општина Кратово бр. 02-87/1 од 14.02. 2018 год. за отстапување на вршење на работите на собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен и инертен отпад на Ј.П. „Кратово“-Кратово , одлука на Совет на општина Кратово бр. 02-86/1 од 14.02. 2018 год. за отстапување на вршење на работите на одржување на Јавна чистота на Ј.П. „Кратово“- Кратово, одлука на Совет на општина Кратово бр.09-1403/1 од 30.09.2022 год. за давање на стопанисување на јавното осветлување на територијата на општина Кратово се изготвува Годишната програма за работата на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура „Кратово“- Кратово.

## Програмата за собирање, транспортирање и депонирање на отпад за 2023 година

Правилното постапување со отпадот за нас претставува императив зошто директно влијае на квалитетот на живеењето на граѓаните на нашата општина.

За таа цел во склопот на ЈП е организирано Одделение за управување на градски пазар, јавно осветлување и комунална хигиена.

Управувањето со отпад е дејност од јавен интерес, која што се врши во согласност со одредбите и прописите донесени со Законот за управување со отпад ( Сл.весник на РМ бр. 68/2004; 71/2004; 107/2007; 102/2008; 143/2008; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 147/2013; 163/2013; 51/2015; 146/2015; 156/2015; 192/2015; 39/2016 и 63/2016) а Одржувањето на Јавната чистота ,собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимски услови се исто така дејности од јавен интерес од Локално значење и се регулирани со Законот за Јавна чистота (Сл. весник на РМ бр.111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015; и 31/2016)

Комуналната дејност се состои од Управување со комунален и друг вид на неопасен отпад на територијата на Општина Кратово, односно собирање, селектирање, транспортирање, и отстранување (депонирање) на отпад како и Јавната чистота , собирањето на сметот метењето на улиците и чистењето на снегот од јавните површини во зимски услови .

Основни дејности кои ги обавува оваа одделение се:

-Собирање, транспортирање на цврст комунален отпад од населението и технолошки и комерцијален отпад од индустриските капацитети и деловни објекти во општината.

- Депонирање на отпадот на депонијата за комунален отпад е во с.Железница- Кратово.
- Одржување на јавната чистота, метење и миење на булеварите и улиците како во централното така и во периферното подрачје на градот.
- Празнење на урбани корпи за отпад.
- Одржување на улиците во зимски услови.

Собирањето, транспортирањето и депонирањето на комуналниот цврст отпад во 2023 година ќе се одвива согласно оваа програма за работа. Обемот на извршените услуги ќе зависи од количините на создадениот комунален отпад и бројот на корисниците.

Согласно сегашните податоци за 2023 година оваа одделение планира да врши услуга за собирање на смет на вкупно 2111 правни и физички лица.

Собирањето и транспортирањето на комуналниот цврст отпад ќе се врши во зависност од видот на поставените садови за отпад.

За обавување на дејноста индивидуална комунална хигиена, одделението е опремено со следната техничка опременост:

| **Вид на возило** | **зафатнина** | **број** |
|---|---|---|
| IVECO ML EURO CARGO | 10m³ | 1 |
| IVECO | 4m³ | 1 |
| Трактор | 2m³ | 1 |

**1. Контејнери со зафатнина од 1.1м³**

Населението е опслужено со вкупно поставени 189 контејнери со зафатнина од 1.1 м3

**2. Канти за отпад со зафатнина од 100-120л.**

Населението е опслужено со вкупно поставени 110 контејнери со зафатнина од 100-120л.

Интензитетот на собирањето на отпадот од централното градско подрачје ќе биде шест пати неделно, што е условено од големата фрекфенција на луѓе и стоки, а тука се сместени и речиси сите јавни институции и истиот ќе се одвива по следниот распоред:

1. ПОНЕДЕЛНИК

Ул.Јосиф Даскалов, Ул.Мусала, Ул.Карши бавча, Ул.Цветко Тонев, Ул.Црни врв, Ул. Гоце Делчев, Ул.6-ти Септември, Ул.Митко Димитров, Ул.Буковец, Ул.Лисец,

Ул.Михајло Апостолски, Ул.Ѓорѓи Какашевски, Ул.Царка Андреева, Ул.3та МУБ, Ул.Св.Ѓорѓи Кратовски, Ул.Крсте Мисирков, Ул.Мирче Ацев, Ул.Цветан Димов, Ул.Осоговска, Ул.Злетовска, Ул.Карпошово Востание и Ул.Ефрем Каранов.

2.ВТОРНИК

Ул.Никола Тесла, Ул.Вера Јоциќ, Ул.Кочо Рацин, Ул.Лазар Софијанов, Ул.Македонска, Ул.Јане Сандански, Ул.Атанас Бабата, Ул.Орце Николов, Ул.Буковец, Ул.Глигор Прличев, Ул.Св.Ѓорѓи Кратовски, Ул.Гоце Делчев, Ул.Планинска, Ул.Иван Андреев, ул. Црн врв и Ул.Бреза

3.СРЕДА

Ул.Ѓорѓи Кратовски, Ул.Гоце Делчев, Ул.Јосиф Даскалов, Ул.Михајло Апостолски, Ул.Ѓорѓи Какашевски, Ул.Митко Димитров, Ул.6-ти Септември, Ул.Мирче Ацев, Ул.Злетовска, Ул.Карпошово востание и Ул.Никола Тесла.

4.ЧЕТВРТОК

Ул.Браќа Миладинови, Ул.Планинска, Ул.Христијан Т.Карпош, Ул.Глигор Пазавански и Ул.Тошо Куковски.

5.ПЕТОК

Ул.Ѓорѓи Кратовски, Ул.Гоце Делчев, Ул.Јосиф Даскалов, Ул.Мусала, Ул.Карши бавча, Ул.Цветко Тонев, Ул.Црни врв, Ул.6-ти Септември, Ул.Митко Димитров, Ул.Буковец, Ул.Лисец, Ул.Михајло Апостолски, Ул.Ѓорѓи Какашевски, Ул.Царка Андреева, Ул.3та МУБ, Ул.Крсте Мисирков, Ул.Мирче Ацев, Ул.Цветан Димов, Ул.Осоговска, Ул.Злетовска, Ул.Карпошово Востание и Ул.Ефрем Каранов.

6.САБОТА

Ул.Ѓорѓи Кратовски, Ул.Гоце Делчев, Ул.Никола Тесла, Ул.Вера Јоциќ, Ул.Кочо Рацин, Ул.Лазар Софијанов, Ул.Македонска, Ул.Јане Сандански, Ул.Атанас Бабата, с.Приковци, с.Шлегово, с.Железница, с.Туралево, с.Живалево, с.Кетеново, с.Трновац и с.Страцин.

Управувањето со отпад во општина Кратово се одвива преку организирано собирање на отпад во 8 рурални населени места од вкупно 31 вклучително и градот

Кратово. Тоа се следните населени места: Приковци, Шлегово, Железница,Туралево. Живалево, Кетеново, Трновац и Страцин. Покриеноста на вкупното население со оваа услуга изнесува 72 %.

Собраниот отпад се депонира на општинска депонија која се наоѓа на 4 км. одалеченост од градот во месноста Мечкин дол во близина на селото Железница.

За собирањето на останатите видови на отпад како што се: гранки, треви и градежен шут ќе биде ангажиран трактор кој ќе врши интервенции по претходна пријава на граѓаните и врз основа на доставен налог од локалната самоуправа.

Целиот собран комунален отпад од домаќинствата и индустријата ќе биде транспортиран и депониран на депонијата лоцирана во с.Железница, се до моментот на на реализирање Регионалниот план за управување со отпад во Североисточниот плански регион.

Индустрискиот инертен отпад, како и градежен шут од граѓаните ќе се депонира на депонијата во с.Железница.

За оваа цел за 2023 година се планира следното:

- замена или поправка на контејнерите од 1,1м³ во зависност од степенот на нивната оштетеност.
- расчистување на диви депонии како во градот така и во населените места во текот на целата година.
- пролетна и есенска акција за собирање на кабаст отпад од дворните места и подрумските простории, а се со цел граѓаните да се ослободат од непотребните стари работи.
- подигање на јавната свест за придобивките од примарната селекција на отпад, каде ќе биде вклучено и селектирањето на биоразградливиот отпад од комуналниот отпад. Кампањата треба да биде насочена кон сите целни групи (во однос на хартијата, пластиката и металот) и посебно кон земјоделците (за корисноста на компостот како подобрувач на почвата).
- Во 2023 година се планира и да се зголеми мониторингот на системот за управување со отпад преку целосно пополнување на формуларите предвидени со законската регулатива а со тоа и добивање на веродостојни податоци за видот и количината на отпадот кој се создава на територијата на општина Кратово.
- Вклучување во реализацијата на Регионалниот план за управување со отпад во Североисточниот плански регион.

Составен дел на оваа Програма за 2023 година е и шемата/скицата од местоположбата на садовите за примарна селекција на комуналниот неопасен отпад. (прилог).

**Програма за управување и одржување на гробишта,градска капела за 2023 година**

Една од комуналните дејности, кои ги обавува јавното претпријатие е управување и одржувањето на гробови,гробишта и целокупната комунална инфраструктура на гробиштата.Согласно организационата поставеност во склопот на ЈП Кратово организирано е Одделението за управување на гробишта и оддржување на инфраструктура.

Управувањето и одржувањето со Градските гробишта се врши врз основа Законот за гробишта и погребални услуги ( Сл. весник на РМ бр. 86/2008; 156/2010; 53/2011; 163/2013; 152/2015; и 31/2016) и Одлуката бр.07-1435/1 од 29.11 2011 година донесена од Советот на општина Кратово.

Градските гробишта се лоцирани во м.в. Габреш веднаш покрај регионалниот пат Кратово –Пробиштип и зафаќаат површина од вкупно 22 293 м².

Гробиштата се градат, реконструираат или одржуваат во согласност со горенаведениот закон, со прописите за градење, со прописите за заштита на животната средина и прописите за здравствена и санитарна заштита. Одржувањето на гробиштата опфаќа одржување на : придружни објекти, улици, патеки и зелени површини во гробиштата како и инсталациите.

J.П. „Кратово“ покрај другите активности се грижи и за уредувањето ,начинот на определување, изградба , одржување, управување со гробиштата, употреба на гробно место и гробница, условите и начинот на вршење на погребалните услуги како и надзор над спроведувањето на овој закон а се со цел за достоинствено изведување на погребите.

За одвивање на овие дејности , потребни се и соодветни финансиски средства.

Со оглед на значењето што и се придава на оваа дејност во општеството се наметнува потреба од нејзино подобро и поцелосно организирање, почитувајќи ги обичаите и традициите, кои се резултат на изворната народна култура.

За идната 2023 година Ј.П. „Кратово“ –Кратово како Управител на Градските гробишта во Кратово ги има предвидено следниве активности:

1. Бетонирање на патеки помеѓу гробните парцели
2. Оспособување на помошен влезен пристап со порамнување на теренот и бетонирање на патека
3. Санирање на оштетени бетонски патеки
4. Санација на дрвен мост со замена на оштетени греди и талпи и фарбање со заштитна фарба
5. Уредување на споредниот влезен дел во Градските гробишта со паркинг простор
6. Поставување на ограда од жичано плетиво на проширениот простор со извршената експропријација.
7. Уредување на теренот со сечење на дрвја и жбуње

8. Поставување на систем за обезбедување (видео- камери)
9. Изградба на потпорен ѕид и пристапни скали до гробните места
10. Изградба на столбови за поставување на нов железен/бетонски мост

Проценета вредност на горенаведените активности изнесува 900.000,00 денари

Тековно одржување на објектот (кречење, санација , замена на стакла и сл.), Ископ на гробно место со затрупување, амортизациони и тековни трошкови ( за уље, антифриз, гориво за косачка, и др делови),електрична енергија и вода.

Комунална хигиена

·Секојдневно чистење на корпите со смет и носење на сметот до контејнерите.

·Двапати неделно се празнат контејнерите и двапати неделно со трактор се собира сметот, гранките и друг отпаден материјал.

·Во летниот период се врши косење на тревата и прскање на тревата со препарат за уништување.

·Косење се врши на дел од зелените површини (тревници), и околу гробните места.

·Отстранувањето на тревата се врши со прскање на препарати.

·Сечење на суви дрва и гранки.

·Сечење на стари листопадни и зимзелени дрвја.

·Отварање на нови парцели во високиот дел од гробиштата .

·Хортикултурно уредување со засадување на дрвја.

Бројот на дрвја што треба да бидат исечени изнесува околу 20 броја.

Во зимскиот период се врши чистење на снегот околу капелата и главните патеки во гробиштата.

На косините покрај патот планирано е да се засадат околу 50 нови зимзелени дрвца.

·Поставување на ПВЦ корпи за смет околу 5 броја.

Проценета вредност на горенаведените активности изнесува 200.000,00 денари

-Претпоставени приходи од погребални такси за 75 погреби

1. Доделување на употреба на нови гробни места
60x6500= 390.000,00

1. Надомест за одржување на гробишта
700x300= 210.000,00

1. Изработка на протокол

60x350= 21.000,00

1. Надоместок од Каменорезец
65x2000= 130.000,00

1. Надомест за изложување на тело
65x600= 39.000,00

1. Надоместок за ископ на гробно место
75x 2500= 187.500,00

Надоместок за хигиена
65x 300= 19.500,00

2. Надоместок за ладилник
10x 2400= 24.000,00

Вкупно приходи: 1.021.000,00

Према погоре изнесеното може да се заклучи:

1. Вкупни приходи .......... 1.021.000,00
2. Расходи .................. 200.000,00
3. Инвестиции .............. 900.000,00

Заклучок

За да се реализира програмата за одржување, со која ќе се овозможат и услови за нормално функционирање на градските гробишта во Кратово за 2023 год. потребна е финансиска помош од 79.000,00 денари.

**Програма за одржување и користење на пазари за 2023 година**

Програмата за управувањето со Градскиот зелен пазар е изработена врз основа на реалните можности , развој на нововостановени концепти и реални потреби за развој на Јавното претпријатие со обезбедување на нови извори за приходи. Подршката од општината Кратово како и од Советот на општина Кратово ќе биде од големо значење за спроведувањето на програмата и одржливоста на Јавното претпријатие.

Градскиот зелен пазар во Кратово е со вкупна површина од 2043 м² од кои самиот пазар е покриен со површина од 725 м² во кој дел се сместени 110 тезги со димензии 180x90x100 и 15 тезги со димензии 120x90x100, паркинг простор со површина од 514 м² и изградени тоалети со површина од 70,6 м². Покрај пазарот изградени се и тротоари како и простор за поставување на контејнери.

Приоритет во управувањето со Градскиот зелен пазар во Кратово ќе биде заснован на спроведување на пропишаните законски услови , подобрување на квалитетот на

услугите и јакнење на материјалната основа на претпријатието како и реализација на предвидената програма за 2023 година.

Редовното чистење на Градскиот пазар после секој пазарен ден како и одржувањето на санитерните простории ке биде еден од приоритетите за одржување на хигиената на пазарот.

На Градскиот пазар поставен е Правилник за пазаришен ред на Градскиот пазар во Кратово со кој ке се регулира:

-Работно време на пазарот
-Истовар на роба на пазарот
-Утовар на роба на пазарот
-Издавање на продажните места
-Напалата на издадените продажни места
-Одржување на хигиена на пазарот
-Раскинување на Договорот за издавање на продажни места

Работното време на Градскиот пазар во Кратово во зимскиот период (ноември до март) е од 8:00 до 16:00 часот додека во летниот период (април до октомври) е од 7:00 до 18:00 часот во петок и сабота

Истоварот на роба на пазарот е од 6:00 до 8:00 часотво зимскиот период и од 5:00 до 7:00 во летниот период

Утоварот на останатата роба на Градскиот пазар во Кратово е од 15:00 до 16:00 во зимскиот период и од 17:00 до 18:00 во летниот период.

На Градскиот пазар продажните места се издаваат на правни и физички лица регистрирани согласно Законот за трговија(Сл.весник на РМ бр. 16/04), Законот за трговија на зелени пазари (Сл. весник на РМ бр.11/2018 год.) и други закони.

Наплатата на продожните места се врши согласно одлуката за утврдување на цените на пазаришните места на Градскиот пазар во Кратово донесена од Управниот одбор на претпријатието и добиена согласност од Советот на општина Кратово .

Корисниците на продажните места се должни остатоците од робата да ги соберат во кеси и ги остават до продажното место.

За непочитување на пазарниот ред на корисникот на продажното место ќе му биде раскинат Договорот за издавање на продажното место и истиот е должен да ја плати крајната цена за временскиот период определен со Договорот за издавање на продажното место.

За раскинувањето на Договорот Ј.П. Кратово писмено го известува корисникот на продажното место , а ако му е непозната адресата или не сака да го прими известувањето , одлуката за раскинувањето на Договорот се истакнува на пазарот и во рок од 8 (осум) дена од донесувањето на одлуката се смета дека одлуката е доставена.

Правилникот за пазаришниот ред е истакнат на пазарот и со тоа ке се смета дека корисниците на продажните места се запознаени со него.

Во финансовиот дел во 2023 год. се планираат следниве приходи

| | |
|---|---|
| -од резервација на тезги 20 тезги х 600,оо = | 12 000,оо |
| -еднодневна такса за тезга со резервација 30 х 100,оо х 8 дена = | 24 000,оо |
| -еднодневна такса за тезга без резервација 30 х 200,оо х 8 дена = | 48 000,оо |

-еднодневна такса без тезга за 12м2, 8 х 200,оо х 8 дена = 12.800,оо
-еднодневна такса без тезга за 24м2, 2 х 300,оо х 8 дена = 4.800,оо

Вкупно месечни приходи: 101.600,оо
Вкупно годишни приходи: 1.219.200,оо

Планирани инвестиции за 2023 година:

1. Покривање на делот од пазарот кај постоечкиот објект 185 000,00 ден

2. Изработка на настрешница на дел од пазарот за продажба на текстилни производи 380 000,00 ден.

Вкупно планирани инвестиции за 2023 год. 565 000,00 ден

**Тековно одржување (расходи)**

За тековно одржување односно чистење на пазаришниот простор,замена на оштетени делови, неонки стакла , санитарии и слично) како и плаќање на сметки за струја ,вода, канцелариски материјал за фискална и сл.

660 000,оо

Вкупно годишни расходи: 660 000,оо

Према погоре изнесеното може да се заклучи:

1. Вкупни приходи .......... 1.219.200,00
2. Инвестиции ............... 565.000,00
3. Тековно одржување (Расходи)...660.000,00

Заклучок:

За да се реализира во целост програмата за Управувањето со Градскиот зелен пазар потребно е крајно рационално да се управува со приходите како и да се настојува на намалување на трошковите за одржувањето на Градскиот пазар во Кратово .

Исто така очекуваме поголема соработка со МВР--сектор за сообраќај, односно навремено регулирање на сообраќајот со што ќе им помогнеме најмногу на земјоделските производители и со соодветните инспекторати.

## Програма за одржување и сервисирање на уличното осветлување

Со оваа Програма се уредува начинот на работа и активностите на Јавното претпријатие Кратово за поправка и одржување на улично осветлување на подрачјето на Општина Кратово и рурални средини за 2023 година, динамика на нивното извршување, и надзорот над извршените работи.

Поправка и одржување на улично осветлувањето ќе опфаќа: замена на постојните улични светилки, вградување на улични светилки, вградување на улични лед светлечки тела и светилки, оспособување на постоечките реони за улично осветлување (промена на осигурачи, склопки-контактори, фотoрелеи, подземни и надземни кабли и друга инсталациона опрема-материјали за функционирање на уличното осветлување во делот од подземната и надземната инсталација за улично осветлување и други работи ќе бидат по налог на локалната самоуправа.

Предвидените работи за поправка и одржување на опремата за уличното осветлување на подрачјето на Општина Кратово за град Кратово за 2023 година ќе се извршуваат со динамика на приоритет и според потребите, со што би се намалила потрошувачката на електрична енергија.

Надзор над извршувањето на поправката и одржување на улично осветлување ќе го врши надлежен општински орган.

Подолу во табелата е прикажана моменталната состојба на распоредени сијалични места и типови на сијалици на територија на Општина Кратово:

| Р.бр | Село | Број на сијалични места | Лед | Натриум |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Шлегово | 35 | 35 | 0 |
| 2 | Приковци | 19 | 19 | 0 |
| 3 | Кетеново | 19 | 19 | 0 |
| 4 | Вакв | 10 | 7 | 3 |
| 5 | Татомир | 18 | 4 | 14 |
| 6 | Сакулица | 26 | 17 | 9 |
| 7 | Коњух | 23 | 0 | 23 |
| 8 | Шопско Рудари | 9 | 0 | 9 |
| 9 | Страцин | 26 | 0 | 26 |
| 10 | Страцин Лепановци | 12 | 0 | 12 |
| 11 | Крилатица | 7 | 0 | 7 |
| 12 | Трновац | 37 | 0 | 37 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13 | Живалево | 36 | 0 | 36 |
| 14 | Железница | 52 | 8 | 44 |
| 15 | Туралево св. Недела | 50 | 1 | 49 |
| 16 | Туралево центар | 24 | 0 | 24 |
| 17 | Мушково | 14 | 0 | 14 |

| Р.бр | Град Кратово | Број на сијалични места | Лед | Натриум | Лед(98W) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ТС Цигански Лозја | 19 | 19 | 0 | 0 |
| 2 | ТС Вера Јоциќ | 42 | 32 | 10 | 0 |
| 3 | ТС Вршник | 17 | 11 | 4 | 2 |
| 4 | ТС Социјално | 35 | 12 | 17 | 6 |
| 5 | ТС Зорле | 25 | 25 | 0 | 0 |
| 6 | ТС Кошари | 20 | 20 | 0 | 0 |
| 7 | ТС Нова Царина | 44 | 44 | 0 | 0 |
| 8 | ТС Царина | 35 | 35 | 0 | 0 |
| 9 | ТС Осмолетка | 16 | 16 | 0 | 0 |
| 10 | ТС СИЗ | 19 | 13 | 0 | 6 |
| 11 | ТС Пошта | 40 | 40 | 0 | 0 |
| 12 | ТС Франц | 59 | 0 | 51 | 8 |
| 13 | ТС Чаир | 77 | 57 | 20 | 0 |
| 14 | ТС Табачка | 48 | 39 | 9 | 0 |
| 15 | ТС Бојаџиско | 20 | 17 | 3 | 0 |
| 16 | ТС Чаршија | 31 | 31 | 0 | 0 |

# Одржување на локални патишта во зимски услови за 2022/ 2023 година

1.Општ дел

Врз основа на член 56 од Законот за јавни патишта ("Службен весник на РМ", број 26/96) и со оваа Програма се предвидува обемот, динамиката и начинот на одржувањето на улиците во град Кратово како и локалните патишта во Општината Кратово, опфатени со Генералниот урбанистички план во зимски услови во сезоната 2022/2023 година.

Поради ефектното дејствување по Програмата треба да бидат земени во предвид следните моменти и тоа:

1. **Степен на подготвеност (приправност);**
2. **Приоритет на дејствување;**
3. **Употреба на механизација;**
4. **Употреба на работна рака;**
5. **Финансирање на програмата**

**1. Степен на подготвеност**

Критериумот на степенот на подготвеност е настанатата временска ситуација која секојдневно се прати преку средствата за информирање.

Приправноста започнува на 15 ноември секоја календарска година, завршува на 15 март наредната година.

Степенот на приправност ќе го оценува Советот на Општината и Советот за безбедност на сообраќајот.

Според настанатата ситуација во тој период имаме три степени на приправност и тоа:

Прв степен

Календарски е веќе започната зимата, меѓутоа ситуацијата во секојднев-ниот сообраќај и комуникациите е нормална.

Во пунктот се е во исправна состојба, количеството на сол и ситен песок е доволна, а расположивата механизација е исправна.

Потребната количина на сол е од 20 тона, а на ситен песок околу 30 м3, кои количества се доволни за потребите на градската улична мрежа и локални патишта во просечни зимски услови, кои треба да бидат набавени од страна на Локалната самоуправа.

Втор степен

Настанува кога осетно се намалува температурата и се очекуваат врнежи од снег.

Се превземаат превентивни мерки за посипување на улиците од прв приоритет со сол.

Овој степен на приправност трае и со почнувањето на врнежи од снег но истите се совладуваат со расположивата механизација опфатена со планот за дејствување.

Трет степен

Настапува кога снежните врнежи и други појави не можат да се совладаат со расположивата механизација и луѓе опфатени со планот за дејствување.

Веќе се активира ДЗС и ЦУК и координирано се настапува во ублажувањето на временските прилики.

**2. Приоритет на дејствување**

Заради важноста на комуналните објекти и тоа што тие поврзуваат, се наметнува и приоритетноста во дејствувањето во зимски услови. Ако пак посматрано од економски причини не е прифатливо и потполно целосно одржување на градската улична мрежа и некои делови на локалната патна мрежа, затоа уличната мрежа и локалните патишта ќе ги рангираме заради приоритетната благовремена интервенција и за ублажување на зимските прилики.

А/ Прв приоритет

Кога веќе зимските услови најавуваат загрозување на зимскиот сообраќај во зимскиот период се пристапува кон следното:

Превентивно посипување со сол за да се спречи појавата на голомразица, а во колку таа настане се продолжува со редовното посипување со сол и песок се до нејзиното отклонување.

При интензивни врнежи од снег неминовно е негово отстранување од коловозот, со пренесување до најблиското корито на Кратовска река.

Чистењето на коловозот се врши со широчина од 2,5 м. на една коловозна лента така да очистениот во двата правца изнесува 5,0 м.

Коловозот треба да е прооден за сообраќај до 5 часот наутро на улиците кои со Оперативниот план се ставени во прв приоритет, сообраќајот да се одвива со намалена брзина, согласно Законот за безбедност на сообраќајот и Законот за патишта.

Во првиот приоритет влегуваат објектите: Здравен дом Кратово, Депонија во с. Железница, Филтер Станица и улиците: "Гоце Делчев", "св. Ѓорѓи Кратовски" вклучително со плоштадот „Маршал Тито", "Михајло Апостолски", дел од "Планинска", "Вера Јоциќ" и "Јосиф Даскалов", со вкупна должина од 5.00 км.

Б/ Втор приоритет

Ширината на очистениот коловоз во еден правец да изнесува 2,0 м. во двата правца широчината на коловозот е 4,0 м. Исто така на секој 50-100 м. ќе се направи проширување за разминување на возилата.

Едносмерните улици се чистат во широчина од 2,5 м. на коловозната лента. Чистењето да се изврши најкасно за 8 часа од престанокот на врнежите.

Исчистениот коловоз треба да е подготвен за одвивање на сообраќајот со осетно намалена брзина. Повремено се врши посипување со сол заради појава на голомразица, а во колку таа настане се продолжува со посипување со сол и песок се до нејзиното отстранување.

Сообраќајот може да се прекине со координација на сообраќајната полиција, а возилата се упатат по други улици се до очистување на критичното место.

Во вториот приоритет влегуваат улиците на Населба „Вршник", Населба „Цигански лозја", Населба „Зорле" , Населба „Царина", Населба "Планинска", Населба „Мусала" и населба „Бојаџиско" со вкупна должина од 20.00 км.

Во вториот приоритет ја сврстуваме и локалната патна мрежа со користење на расположива механизација што е за градското подрачје само во случај истата да е слободна без потреба за интервенција во градот и прилазите, во спротивно се активираат договорите и градежните оперативи, со кои истите се ангажирани за секој локален правец посебно со своја задача и оперативен план.

Должината на локалната патна мрежа која се одржува изнесува 50.00км.

В/ Трет приоритет

Во третиот приоритет влегуваат сите останати улици во градот каде пристапот на механизација е невозможен, истите ќе се чистат со интервенција на граѓаните со координација на месните заедници.

## 3. Употреба на механизација

Во планот за зимско одржување ќе бидат опфатени најнеопходните машини со кои можат да се совладат временските неприлики во рамките на нормални зимски услови, во спротивно, за временски непогоди ќе се активира и дополнителна тешка механизација во координација со ДЗС и ЦУК.

За градското подрачје ЈПКДИ Кратово се ставени на располагање следните машини:

-трактор со приколка, трактор со додатна опрема (соларка или нож за гурање снег)

## 4. Употреба на работна рака

За градското подрачје ЈПКДИ Кратово ќе ангажира еден возач (Стојанче Величковски) по потреба општи работници и едно одговорно лице (Орце Василовски). Истите ќе влезат поименично во прилогот на Оперативниот план за одржување на сообраќајниците и локалните патишта во зимски услови.

Напомена

Стопанските дворови ќе се чистат од самите организации.

Просториите во и околу школските објекти организирано се чистат од вработените во институцијата .

Тротоарите пред деловните простори ќе се чистат од страна на сопствениците на истите со големина на просторот што го зафаќа во должина на тротоарот. Тротоарите на мостовите и тротоарите без деловни простории ќе ги чисти ЈППКДИ Кратово организирано преку сопствена програма.

Отстранувањето на снегот ќе се врши кога неговата дебелина ќе е 5 см. на помала снежна покривка ќе се интервенира со посипување на сол и песок.

Улиците од прв приоритет треба да бидат оспособени со сообраќај до 05,00 часот наутро. Вкупна должина на улиците и локалната патна мрежа е приближно 75 км.

О П Е Р А Т И В Е Н   П Л А Н

Стационирањето на луѓето и механизацијата ќе бидат во пунктот спроти Бензинската станица на Макпетрол приемот на информациите и понатамошното известување ќе биде во ЈПКДИ Кратово на телефон број 075 206 720 (Орце Василовски)или 078/246-589 (Златко Стојановски).

Понатамошниот тек на дејствување на оперативнита група ќе биде според оперативниот план.

Прв приоритет

Критични места каде треба да се обрати посебно внимание:

- Здравен дом Кратово
- ул. "Гоце Делчев" која е и дел од регионалниот пат
- ул. "св. Ѓорѓи Кратовски“вклучително и плоштадот „Маршал Тито“
- ул. "Јосиф Даскалов“ како приодна улица до филтерстаницата
- ул. "Михајло Апостолски" како приодна улица до школотот за Основно образование и Гимназијата

Улиците од 1. приоритет ќе се минуваат по следниот редослед: Здравен дом Кратово, Депонија во с. Железница, Филтер Станица и улиците: "Гоце Делчев", "св. Ѓорѓи Кратовски" вклучително со плоштадот „Маршал Тито“, "Михајло Апостолски", дел од "Планинска", "Вера Јоциќ" и "Јосиф Даскалов", со вкупна должина од 5.00 км.

Втор приоритет

Во вториот приоритет влегуваат следните улици: Населба „Вршник“, Населба „Цигански лозја“, Населба „Зорле“ , Населба „Царина“, Населба "Планинска", Населба „Мусала“ и населба „Бојаџиско“ со вкупна должина од 20.00 км.

Во втор приоритет влегува и Локалната патна мрежа.

Во колку возилото определено за чистење на прв приоритет обезбеди нормално функционирање на сообраќајот се упатува на расчистување на Локалната патна мрежа во спротивно ако е потребно се активираат договорите склучени со градежната оператива задолжени за посебни реони од истата.

Трет приоритет

Во трет приоритет влегуваат останатите улици од град Кратово каде што не е можен пристап на механизација.

Истите се чистат од граѓаните во ширина на нивните дворни места во координација со месните заедници.

Стопанските дворови ќе се чистат од самите организации.

Просторите во и околу школските објекти организирано се чистат од самите институции.

Тротоарите испред деловните простории ќе се чистат од страна на сопствениците на истите со големина на прсторот што го зафаќа во должина на тротоарот.

Пешачките мостови со тротоарите и тротоарите без деловни простории ќе ги чисти ЈПКДИ Кратово организирано преку сопствена програма.

Напомена:

Отстранувањето на снегот ќе се врши кога неговата дебелина ќе е 5 см. на помала снежна покривка ќе се интервенира со посипување на сол и песок.

Улиците од прв приоритет треба да бидат оспособени за сообраќај до 05,00 часот наутро. Вкупна должина на улиците и локалната патна мрежа е приближно 75 км.

## О П Е Р А Т И В Е Н   П Л А Н

Стационирањето на луѓето и механизацијата ќе бидат во пунктот спроти Бензинската станица на Макпетрол приемот на информациите и понатамошното известување ќе биде во

ЈПКДИ Кратово на телефон број 075 206 720 (Орце Василовски) или 078/246-589 (Златко Стојановски).

Понатамошниот тек на дејствување на оперативнита група ќе биде според оперативниот план.

Прв приоритет

Критични места каде треба да се обрати посебно внимание:

- Здравен дом Кратово
- ул. "Гоце Делчев" која е и дел од регионалниот пат
- ул. "св. Ѓорѓи Кратовски“вклучително и плоштадот „Маршал Тито“
- ул. "Јосиф Даскалов“ како приодна улица до филтерстаницата
- ул. "Михајло Апостолски" како приодна улица до школотот за Основно образование и Гимназијата

Улиците од 1. приоритет ќе се минуваат по следниот редослед: Здравен дом Кратово, Депонија во с. Железница, Филтер Станица и улиците: "Гоце Делчев", "св. Ѓорѓи Кратовски" вклучително со плоштадот „Маршал Тито“, "Михајло Апостолски", дел од "Планинска", "Вера Јоциќ" и "Јосиф Даскалов", со вкупна должина од 5.00 км.

Втор приоритет

Во вториот приоритет влегуваат следните улици: Населба „Вршник“, Населба „Цигански лозја“, Населба „Зорле“ , Населба „Царина“, Населба "Планинска", Населба „Мусала“ и населба „Бојаџиско“ со вкупна должина од 20.00 км.

Во втор приоритет влегува и Локалната патна мрежа.

Во колку возилото определено за чистење на прв приоритет обезбеди нормално функционирање на сообраќајот се упатува на расчистување на Локалната патна мрежа во спротивно ако е потребно се активираат договорите склучени со градежната оператива задолжени за посебни реони од истата.

Трет приоритет

Во трет приоритет влегуваат останатите улици од град Кратово каде што не е можен пристап на механизација.

Истите се чистат од граѓаните во ширина на нивните дворни места во координација со месните заедници.

Стопанските дворови ќе се чистат од самите организации.

Просторите во и околу школските објекти организирано се чистат од самите институции.

Тротоарите испред деловните простории ќе се чистат од страна на сопствениците на истите со големина на прсторот што го зафаќа во должина на тротоарот.

Пешачките мостови со тротоарите и тротоарите без деловни простории ќе ги чисти ЈПКДИ Кратово организирано преку сопствена програма.

Напомена:

Отстранувањето на снегот ќе се врши кога неговата дебелина ќе е 5 см. на помала снежна покривка ќе се интервенира со посипување на сол и песок.

Улиците од прв приоритет треба да бидат оспособени за сообраќај до 05,00 часот наутро. Вкупна должина на улиците и локалната патна мрежа е приближно 75 км.

Управен Одбор на ЈП Кратово

Претседател

Нина Спирова


СТАДИОН
МЕРАК МААЛО
ЗОРЛЕ МААЛО
ЦАРИНА МААЛО
ТАБАЧКА МААЛО
ДОЛНО МААЛО
ЦЕНТАР
МУСАЛА
ВРШНИК МААЛО
АРГУЛИЦА
МААЛО
ХАРТИЈА
СТАКЛО